# Статистика на финансиските сметки - анализа на клучните сектори и движења во 2021 година

Дирекција за статистика
Отсек за статистика на финансиски сметки
декември, 2022 година

# Финансиски средства и обврски на националната економија

- Анализата на финансиската позиција на домашната економија упатува на **продлабочување на негативната нето-позиција и во 2021 година.** Негативната нето финансиска вредност (НФВ) изнесува 481 милијарда денари, што претставува раст од 32 милијарди денари, односно 7,2%.

- Во однос на релативните показатели, **негативната нето-позиција во 2021 година се подобрува, односно таа изнесува 66,8% од БДП**, што е намалување од 0,3 п.п во однос на претходната година.

**Вкупни финансиски средства, обврски и нето финансиска вредност-национална економија (% од БДП)**



# Финансиски средства и обврски на националната економија

- Анализирано од аспект на секторите, домаќинствата и секторот „странство“ и во 2021 година се нето-кредитори и ги финансираат останатите сектори во националната економија (НФД и државата), коишто се нето-должници. Истовремено, финансискиот сектор има речиси избалансирана нето финансиска позиција.

- Динамички гледано, негативната НФВ како % од БДП во 2021 година нема позначителни промени во однос на претходната година. Малото подобрување произлегува од растот на НФВ на секторот „домаќинства“ и помалата негативна НФП на нефинансиските друштва. Во 2021 година за продлабочување на негативната НФВ придонесува државата, како и НФВ на финансиските друштва.

**Нето финансиска вредност, по сектори**
**(% од БДП)**



# Финансиски средства и обврски на националната економија, по сектори

- Структурата на **средствата на националната економија** укажува дека секторот на НФД и финансиските друштва и во 2021 година имаат најголемо (речиси подеднакво) учество, потоа следуваат домаќинствата и државата (којашто има најмало учество во вкупните средства на националната економија).

- Структурата на **вкупните обврски** по сектори е слична со структурата на средствата и е непроменета во однос на претходната година.



# Финансиски средства и обврски на националната економија, по сектори

- Во 2021 година, **вкупните средства на националната економија** изнесуваат 3.280 милијарди денари и остварија годишен раст од 305 милијарди денари, или 10,3%. Нагорната промена е резултат на зголемените средства на сите сектори, во најголем дел на финансиските и нефинансиските друштва, по кои следуваат домаќинствата. Растот на средствата на државата има најмал придонес во растот на вкупните финансиски средства на националната економија.

- На крајот на 2021 година, **вкупните обврски** изнесуваат 3.761 милијарда денари. Тие пораснаа за 338 милијарди денари, или 10%, при што главен двигател на растот се обврските на нефинансиските и финансиските друштва, додека државата и домаќинствата имаат помал придонес во растот.

**Годишна промена на финансиски средства на национална економија, по сектори (милијарди денари)**




**Годишна промена на финансиски обврски на национална економија, по сектори (милијарди денари)**



# Финансиски средства и обврски на националната економија, по инструменти

- Според **инструментите**, **на страната на средствата** преовладува инструментот капитал, по кој следуваат готовите пари и депозитите, останатите побарувања, кредитите и ХВ, додека монетарното злато и СПВ имаат најмало учество во структурата на средствата.

- Инструментите капитал и кредити се најзастапени во структурата на **вкупните обврски**, по кои следуваат готовите пари и депозитите, останатите обврски и другите инструменти.

**Финансиски средства и обврски на национална економија - по инструменти (во %)**



# Финансиски средства и обврски на националната економија, по инструменти

- Анализата по инструменти на **страната на средствата**, покажува дека во 2021 година сите инструменти бележат раст, при што главен двигател на растот се зголемените пласмани во капитал, по што следуваат останатите побарувања и депозитите.

- На **страната на обврските**, како и на страната на средствата, има зголемување кај сите финансиски инструменти. При тоа, најголем придонес кон растот имаат обрските врз основа на капитал, по што следуваат останатите обврски, кредитите и готовите пари и депозитите.

**Годишна промена на финансиски средства на национална економија, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на финансиски обврски на национална економија, по инструменти (милијарди денари)**



## АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ФИНАНСИСКАТА СМЕТКА ПО СЕКТОРИ

# Сектор на нефинансиските друштва (НФД)

- **Нето финансиската вредност** на секторот НФД во 2021 година е негативна и изнесува 898 милијарди денари, што претставува номинален раст од 47 милијарди денари, или 5,5% во однос на претходната година.

- Анализирано низ релативни показатели, негативната нето финансиска вредност се намали од 127% на 125% од БДП, односно за 2 п.п., што во услови на номинален годишен раст, целосно се должи на растот на БДП во 2021 година.






# Сектор на нефинансиските друштва (НФД)












# Финансиски средства и обврски на секторот НФД

- **Вкупните финансиски средства на НФД** во 2021 година бележат раст од 110 милијарди денари (11,6%), како резултат на сите финансиски инструменти, со најголем придонес на останатите побарувања, капиталот и депозитите. Ова претставува највисок раст во анализираниот период од 2014 до 2021 година.

- **Финансиските обврски** во 2021 година бележат годишен раст од 157 милијарди денари, или 8,7%. Промената е одраз на речиси еднаквиот раст на капиталот и останатите обврски (врз основа на комерцијално работење), а во помал обем и на растот на кредитите.

- Од аспект на структурата на финансиските средства и обврски, нема позначителни промени.

# Сектор на домаќинствата

- **Нето-позицијата на домаќинствата во 2021 година** изнесува 615 милијарди денари, што е годишен раст од 65 милијарди денари, или 11,8%. Подобрата позитивна нето-позиција на домаќинствата произлегува од засилениот раст на финансиските средства, во споредба со обврските.

- Релативните показатели упатуваат на раст на нето финансиската вредност којашто достигна 85% од БДП и во однос на претходната година се зголеми за 3 п.п.






# Сектор на домаќинствата

**Структура на финансиски средства, по инструменти (во %)**




**Структура на финансиски обврски, по инструменти (во %)**




**Годишна промена на финансиски средства, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на финансиски обврски, по инструменти (милијарди денари)**



# Финансиски средства и обврски на секторот домаќинства

- Во 2021 година е остварен годишен раст на **вкупните средства на домаќинствата** за 81,7 милијарди денари, или за 10,8%. Гледано по инструменти, годишниот раст главно се должи на зголемувањето на капиталот, потоа на пласманите во депозити, а во помал обем и на зголемените технички резерви на осигурување во пензиските фондови.

- На страната на **обврските** е остварен годишен раст од 16,6 милијарди денари, или 7,7%. Растот на вкупните обврски целосно се објаснува со обврските врз основа на земени кредити, коишто воедно се најзастапени во структурата на финансиските обврски на домаќинствата.

- Во структурата на финансиските средства и обврски во 2021 година нема позначителни промени. На страната на средствата и натаму капиталот и депозитите се најзастапени инструменти со околу 85% од вкупните средства. Притоа, во 2021 година е остварен умерен пораст на учеството на капиталот (главно одраз на остварените добивки и раст на цените на сопственичките инструменти), за сметка на намаленото учество на депозитите. На страната на обврските најзастапен инструмент се кредитите, со учество од 94%.

# Сектор „држава"

- Негативната нето финансиска вредност на државата изнесува 178,8 милијарди денари и забележа влошување од 34 милијарди денари (или 23,9%), што изразено како % од БДП претставува влошување за 3 п.п., (25% од БДП во 2021 година, наспроти 22% од БДП во 2020 година).

- Анализирано по потсектори, негативната позиција во целост е резултат на потсекторот „централна власт" (со негативна НФВ од 26% од БДП), додека локалната самоуправа и социјалните фондови и натаму ја задржуваат позитивната нето финансиска позиција од 1,1% и 0,3% од БДП, соодветно.

**Финансиски средства и обврски, % од БДП**




**Нето финансиска вредност**



# Сектор „држава“

**Структура на финансиски средства, по инструменти (во %)**




**Структура на финансиски обврски, по инструменти (во %)**




**Годишна промена на финансиски средства, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на финансиски обврски, по инструменти (милијарди денари)**



# Финансиски средства и обврски на секторот „држава“

- Во 2021 година **вкупните финансиски средства** на државата забележаа благ раст од 3,9 милијарди денари, или 1,3%. Зголемувањето на средствата во најголем дел се должи на порастот на депозитите во централната банка, како и на растот на капиталот на државата.

- **Финансиските обврски** на државата се зголемија за 38,5 милијарди денари (или 8,6%) во однос на 2020 година. Растот го одразува задолжувањето преку издавање на долгорочни должнички хартии од вредност на домашниот и странскиот пазар и останатите обврски. Растот на кредитите има помало влијание врз вкупниот пораст на финансиските обврски.

- Од аспект на структурата, на страната на финансиските средства нема промени, додека на страната на финансиските обврски, расте учеството на останатите обврски за 2 п.п. (обврски врз основа на распределба на СПВ алокацијата), за сметка на намаленото учество на останатите инструменти.

# Сектор „финансиски друштва“ (ФД)

- **Нето финансиската вредност** на ФД во 2021 година е негативна и изнесува 19,5 милијарди денари, што претставува  зголемување од 15,9 милијарди денари во однос на претходната година. Таа изнесува 2,7% од БДП, што е умерено влошување во однос на 2020 година, кога исто така беше негативна и изнесуваше 0,5% од БДП.
- Анализирано по потсектори, влошувањето на нето финансиската позиција е резултат на негативната финансиска позиција на банките и штедилниците којашто во 2021 година повторно преминува во негативна, наспроти нето-позицијата на секторот ОФИ којашто се подобрува и преминува во позитивна позиција.
- НФВ на банките и штедилниците изнесува од 2,2% од БДП, поради повисоките обврски (во најголем дел врз основа на депозити и на капитал) во однос на средствата. Централната банка и во 2021 година има негативна нето финансиска позиција од 0,5% од БДП, додека ОФИ за првпат по 2015 година имаат позитивна нето финансиска позиција.

**Финансиски средства и обврски, % од БДП**




**Нето финансиска вредност (% од БДП)**



# Сектор „финансиски друштва“ (ФД)

## Структура на финансиски средства, по инструменти (во %)




## Структура на финансиски обврски, по инструменти (во %)




## Годишна промена на финансиски средства, по инструменти (милијарди денари)




## Годишна промена на финансиски обврски, по инструменти (милијарди денари)



# Финансиски средства и обврски на секторот на финансиски друштва

- Зголемувањето на **финансиските средства** на ФД во 2021 година изнесува 110 милијарди денари, или 11,5%. Анализата по инструменти покажува дека кај сите инструменти е забележан раст, при што најмногу се зголемени побарувањата врз основа на кредити, потоа готовите пари и депозитите, должничките ХВ, а во помал обем и вложувањата во капитал и останатите побарувања.

- Во 2021 година, **финансиските обврски** се зголемени за 126 милијарди денари, или 13%. Раст е забележан кај повеќето инструменти, особено кај депозитите и капиталот, додека должничките ХВ се непроменети.

- Ваквите промени не предизвикаа значителна промена на структурата на **финансиските средства**, каде што и натаму кредитите и должничките ХВ имаат најголемо учество. Структурата на **финансиските обврски** на ФД во 2021 година, покажува умерен раст на обврските врз основа на капитал (главно заради повисоките цени на пазарот на капитал), додека обврските врз основа на готови пари и депозити бележат намалување од 4 п.п.

# Сектор „странство“

- **Нето-позицијата на секторот „странство“ во 2021 година** е позитивна и изнесува 481 милијарда денари, што претставува годишен раст од 32 милијарди денари, односно 7,2%. Во однос на релативните показатели, позитивната нето-позиција во 2021 година изнесува 66,8% од БДП, што претставува намалување од 0,3 п.п во однос на претходната година, главно поради порастот на номиналниот БДП.

- Намалувањето на позитивната нето-позиција на секторот „странство“ произлегува од поголемиот раст на финансиските обврски во однос на растот на средствата.






# Сектор „ странство “












# Финансиски средства и обврски на секторот „странство“

- Во 2021 година е остварен годишен раст на **вкупните финансиски средства на секторот странство** од 86 милијарди денари, што претставува зголемување за 10,4% во однос на 2020 година. Гледано по инструменти, сите инструменти бележат раст, при што најголем придонес имаат побарувањата врз основа на кредити, потоа вложувањата во капитал, останатите побарувања (трговските кредити) и СПВ.

- На страната на **вкупните финансиски обврски** е остварен годишен раст од 54 милијарди денари, што е зголемување за 14%. Исто како и кај средствата, и на страната на обврските има пораст кај сите категории. Растот во најголем дел е одраз на зголемувањето на обврските врз основа на готови пари и депозити, останати обврски и капитал.

- Од аспект на структурата, на страната на **финансиските средства** нема значителни промени. На страната на **финансиските обврски** е зголемено учеството на готовите пари и депозитите, на сметка на намаленото учество на должничките хартии од вредност.

# Ревизија на податоците - временска серија 2013-2020 година

Во 2021 година е спроведена ревизија на податоците за финансиските сметки заради подобар опфат и квалитет на податоците. Ревизијата на податоците произлегува од:

- Ревизија на податоците за распределба на СПВ на ММФ - временската серија од 2013 до 2020 година.
- Дефинитивни податоци од завршните годишни сметки на нефинансиските друштва и државата за 2020 година.

Со ревизијата на податоците, нема промени кај нето финансиската вредност на националната економија, за периодот од 2013 до 2020 година, поради идентичниот раст на финансиските средства и на финансиските обврски.